**ТД МАКОШПЕД АД** **ПРЕДЛОГ**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 20 од Статутот на ТД МАКОШПЕД АД – Скопје и член 383 ст.1 т.3 од Законот за трговските друштва, Годишното собрание на акционери на својата седница одржана на ден 14.05.2025 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
***за избор на членови на Одбор на директори***
***на ТД Макошпед АД Скопје***

**Член 1**

На членовите на Одборот на директори на ТД Макошпед АД Скопје во состав:

1. Гоце Димитриоски – Неизвршен/независен член – Претседател
2. Стефан Станкоски – Извршен член
3. Аница Неделковска – Неизвршен член
4. Тијана Михајлова – Неизвршен член

Заклучно со 20.05.2025 година им престанува мандатот, поради истек на периодот за кој биле избрани од Собранието на Акционери на друштвото.

**Член 2**

За неизвршни членови на Одборот на директори на ТД Макошпед АД Скопје за период од четири години сметано од денот на донесувањето на оваа одлука се избираат:

1.__________________ (неизвршен/независен член)
2.__________________ (неизвршен член)
3.__________________ (неизвршен член)
4.__________________ (неизвршен член)

**Член 3**

На неизвршните членови на Одборот на директори им следува награда во нето износ од 6.000,00 денари месечно.

**Член 4**

Се задолжуваат лицата од член 2 на оваа Одлука, избрани за членови на Одборот на директори на ТД Макошпед АД Скопје, по донесување на оваа одлука да одржат конститутивна седница на која од избраните членови ќе изгласаат извршен член и Претседател на Одборот на директори.

Се овластува Претседателот на Одборот на директори да ополномошти регистрационен агент да ја поднесе пријавата за упис на членовите на Одборот на директори во Централен регистар на РСМ.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е :***

*Годишното Собрание на акционери на ТД Макошпед АД Скопје согласно Статутот на Друштвото и Закон за трговски друштва, поради истек на мандатот на досегашниот состав на Органот на управување, по предлог на акционерите на Друштвото врши избор на нови членови на Одборот на директори со мандат на траење од 4 (четири) години. Годишното Собрание на акционери во рамки на своите овластувања донесе одлука како во диспозитивот.*

**Број ______**

**14.05.2025 год.**

**ГОДИШНО**

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

***Претседавач,***

___________________________